# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ПРОГРАМИТЕ, АКТИВНОСТИТЕ И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ПОДДРШКА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ РАБОТНИЦИ СТАР-СТАР СКОПЈЕ

**ЗА ДЕЛОВНАТА 2021 ГОДИНА**



**Наслов:**
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМИТЕ, АКТИВНОСТИТЕ И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ПОДДРШКА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ РАБОТНИЦИ СТАР-СТАР СКОПЈЕ ЗА ДЕЛОВНАТА 2021 ГОДИНА

**Издавач:**
Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

**Уредник:**
Борче Божинов

**Заменик уредник**:
Ненад Мицов

**Лектура:**
Бојан Илковски

*Насловна фотографија на Ванчо Џамбаски, 2021*

Скопје, март 2022

# СОДРЖИНА

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ........ 3
РЕЗИМЕ ........ 4
РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ И ЦЕЛИ ........ 5
1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА СРЕДИНА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ........ 6
ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ ОПШТАТА ПОПУЛАЦИЈА ЗА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА ........ 6
ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА КОЈА ГИ ТАРГЕТИРА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ........ 7
ПРЕВЕНЦИЈА И РЕАКЦИЈА ПРОТИВ НАСИЛСТВО И ПРЕКРШУВАЊА НА ПРАВА КАЈ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ........ 8
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА ........ 8
РАЗВОЈ НА ДАТАБАЗИ И ПОДАТОЦИ ПРЕКУ ИСТРАЖУВАЊА СПРОВЕДЕНИ ОД СТАР-СТАР СКОПЈЕ ПОМЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ........ 9
2. СТРАТЕШКА НАСОКА: СРЗП – СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА ........ 10
ЕДУКАЦИЈА НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА ........ 10
ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО СЕРВИСИ ........ 11
3. СТРАТЕШКА НАСОКА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ........ 12
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РАЗНОЛИКОСТ НА ФОНДОВИ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НОВИ ДОНАТОРИ ........ 12
КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СТАР-СТАР ........ 13
РЕГИОНАЛЕН ПРИСТАП ЗА ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА РЕГИОНАЛНИ ОГРАНОЦИ ПРЕКУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА SWIT АЛАТКА (ВОВЕДУВАЊЕ СЕОПФАТНИ ПРОГРАМИ ЗА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ) ........ 14
ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА ........ 15
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ........ 16

# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ




*Фотографија: В. Џамбаски, 2021*

**П**ривилегија е да се опстане една цела декада на браникот за подобар и олеснет пристап до права.

Поаѓајки од поширокото општествено сфаќање дека сексуалната работа е препознаена како најстарата професија на светот, низ годините зад нас неуморно го покренуваме прашањето зошто општеството одбива да ги препознае сексуалните работници како најстарите работници на светот?

Од своето основање до денес, водени од идеологијата да создадеме свет во кој сексуалните работници ги уживаат своите фундаментални права и слободи, веруваме дека и во годината 2021 донесовме значајни промени за заедницата која ја претставуваме.

Помалку исплашени дека ќе бидеме жигосувани, му се приближувавме на општеството.

Зборувавме.

Медиумите ни беа наклонети сојузници, а ние маширавме. Баравме права. Остварувавме права.

**В**о 2021 година влеговме со старо-ново раководство на Здружението, со доделен легитимитет да ги претставува сексуалните работници во здравствениот, социјалниот и правниот систем во земјата, преку соработка со други активни чинители во граѓанскиот сектор, институции и медиуми. Одлуките од стратешки карактер, Здружението СТАР-СТАР Скопје ги носеше според насоките на својот петочлен Управен одбор во состав: Лила Милиќ - Претседателка на Управниот одбор, Моника Тасевска, Трајче Janушев, Глигор Чанов, Јулијана Јајналиева - членови на Управниот одбор, со извршно управување од Борче Божинов, Претседател на здружението.

Севкупното дејствување во насока на исполнување на стратешките цели се потпираше на професионален тим во служба на извршната канцеларија на Здружението, како и на волонтерскиот придонес на нашите членови.

Излеговме од една година на пандемија, влеговме во нова. И покрај предизвикот со пандемијата, забележавме висока и ефикасна имплементација на Работната програма на Здружението за годината 2021.

***Декриминализацијата на сексуалната работа*** останува наш примарен фокус, суштински важна цел и непоколеблив стремеж која ја пренесуваме и во 2022 година.

Ви го претставуваме Годишниот извештај за програмите, активностите и финансиското работење на Здружението СТАР-СТАР Скопје за деловната 2021 година.

## РЕЗИМЕ

**С**ексуалните работници во Северна Македонија се една од најмаргинализираните категории граѓани која се соочува со повеќеслојна дискриминација и осуда, кои пак водат кон насилство и прекршување на нивните основни човекови права.

Најчесто, поради јавната и институционалната стигма поврзана со сексуалната работа, насилството врз сексуалните работници поминува недокументирано и непроцесирано и сексуалните работници немаат доверба во институциите. Дополнително, поради конзервативните и застарени општествени вредности кон сексот и човековите тела, сè уште постои родова нееднаквост, хомофобија и трансфобија кои се испреплетуваат со дискриминацијата кон сексуалните работници со различни идентитети.

Непризнавањето на сексуалната работа како труд и занимање преку одземање на основниот човеков императив за интегритетот над сопственото тело води кон економска и социјална ранливост на сексуалните работници, а нивната маргинализација го отежнува пристапот до пазарот на трудот и ја загрозува нивната егзистенција, но и егзистенцијата на нивните семејства.

Дополнително, стигмата и дискриминацијата ги оддалечуват сексуалните работници од редовната здравствена заштита, а особено од јавните сервиси и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кои поради видот на работата се повеќе од неопходни.

Сексуалната работа по слободен избор не е исто со трговијата на луѓе и принудна проституција кои како општествени проблеми бараат сериозен пристап и политики. Сепак, тековните политики и закони не прават разлика кон сексуалните работници кои доброволно и по слободен избор одлучиле да се занимаваат со сексуална работа, со што таквиот пристап ги криминализира и ги отфрла од системот на правна и социјална заштита.

Поради тоа, сексуалните работници лесно стануваат предмет на физичка и сексуална злоупотреба од страна на нивните клиенти, партнери или членови на семејството, па дури и на интернализирано насилство.



*Фотографија: В. Џамбаски, 2021*

**З**дружението СТАР-СТАР Скопје е основано во 2010 година и претставува прв облик на формално самоорганизирање на сексуалните работници на Балканот и е единствено од ваков тип во нашата земја, чија цел е преку колективно делување да ги застапува и промовира правата на сексуалните работници како засегнати страни врз основа на горенаведеното.

### ВИЗИЈА

СТАР-СТАР се залага за свет без насилство во кој сексуалните работници слободно живеат и работат, а почитувањето на основните човекови права и слободи се основни принципи на демократско и праведно општество.

### МИСИЈА

СТАР-СТАР е колектив предводен од сексуални работници кој истите ги мобилизира за нивно активно учество во процесите на креирање политики и пракси кои ја третираат сексуалната работа, а заедно со засегнатите страни врши следење на нивното спроведување за да обезбеди доследно почитување на сите човекови права и слободи на сексуалните работници.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ И ЦЕЛИ



## 1. СТРАТЕШКА НАСОКА: ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА СРЕДИНА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

**О**ваа стратешка насока ја претставува сржта на нашето колективно делување и има за цел да ја подигне свеста кај општата популација за сексуалната работа, да ја подобри законската рамка која ги таргетира сексуалните работници овозможувајќи фундаментално остварување на човековите права и слободи, да превенира и реагира против насилството, а меѓу другото да ги зајакнува организациските и институционални капацитети за антидискриминација и декриминализација на сексуалната работа, како и да прибира и разработува информации во рамки на истражувања кои го истражуваат опсегот и состојбите со човековите права помеѓу сексуалните работници во Република Северна Македонија.

### ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ ОПШТАТА ПОПУЛАЦИЈА ЗА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА

**В**о декември 2021 година, во рамки на Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници – 17-ти декември, во партнерска соработка со Здружението ХОПС-Опции за здрав живот Скопје и Коалиција Маргини, го организиравме четиринаесеттиот по ред Марш на црвени чадори.

Маршот на црвениот чадор остава традиционален белег на маширањето на сексуалните работници и нивните поддржувачи низ срцето на Скопје.

Со слоганот **„Декриминализација КОГА?“** обраќајки се до институциите и јавноста, заедно со стотина сексуални работници, поддржувачи и граѓански организации, повторно го покренавме прашањето за ослободување на сексуалните работници од сите кривични и административни казни кои секојдневно им се закануваат.

И оваа година, медиумите беа неприкосновен мегафон на гласот на сексуалните работници.

Обезбедивме висока медиумска поддршка, а за настанот известија 56 национални интернет страници, портали, радија и телевизии.




*Фотографија: В. Џамбаски, 2021*



*Принтскрин www.starsexwork.org, 2021*

**В**о годината што измина, останавме посветени на комуникацијата со јавноста. Кон крајот на 2021 година, социјалниот профил на здружението на Фејсбук забележа 4,096 следбеници, што претставува 303 следбеници повеќе во споредба со истиот период во 2020 година (3,793). Објавени се 73 вести на интернет страната на Здружението, а остварени 27,249 посети.

Со цел да ја подигнеме свеста кај општата популација и да ја разбиеме стигмата со која се верува дека сексуалните работници се главните причинители за ширење на ХИВ инфекцијата, во партнерска соработка со Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници во Европа – ICRSE, изработивме кратко видео со наслов „Митови и факти за сексуалната работа и ХИВ". Дополнително, земајќи го предвид влијанието на алатките кои имаат за цел размена на текстуални пораки и содржини, дизајнираве Viber и WhatsApp пакет стикери. Веруваме дека соодветната размена на текстуални содржини и користењето визуелни стикери придонесува кон дестигматизација на сексуалните работници и трансродовите лица.

**С**о цел да и обезбедиме на јавноста пристап до информации од едукативен и забавен карактер, во 2021 година издадовме 12 изданија на месечниот магазин S-WORK и истите бележат 7,151 број на прегледи. Во јануари 2021, магазинот S-WORK го имаше своето 100-то јубилејно издание. Остануваме особено горди на ова јануарско издание, кое го потенцира успехот на неговото осумгодишно опстојување и неуморниот капацитет на нашиот скромен издавачки сектор.




## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА КОЈА ГИ ТАРГЕТИРА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

**С**о цел да ја подобриме законската рамка и да содздаеме подобри услови за живот и работа на сексуалните работници во земјата, останавме фокусирани на добрата соработка со домашни владини и меѓународни институции, агенции, коалиции и здруженија.Во 2021 година, организиравме тркалезна маса со засегнати страни насловена „Приоритети за унапредување на услугите за сексуално и репродуктивно здравје за сексуалните работници во Северна Македонија"  и беа претставени наоди од истражување, приоритети и препораки пред 11 претставници од Националната канцеларија на УНФПА, Националната комисија за ХИВ, Платформата за одржливост на сервисите за ХИВ, Регионалната мрежа за застапување на правата на сексуалните работници во Источна Европа и Централна Азија - СВАН и други партнерски страни.

Истата година, преку претставник на Здружението, а по препознаеност и покана на Министерството за правда, учествуваме на работен состанок на работната група за измени на Кривичниот законик.

Дополнително, во рамки на неформалната Платформа за декриминализација на сексуалната работа, учествувавме во креирање предлог-измени во Кривичниот законик кои се однесуваат на сексуалната работа, а кои во рамки на Платформата ги доставивме до релевантното министерство.

Во 2021 година, по предлог на Претседателката на комисијата за ХИВ, а по одлука на Министерот за здравство на Република Северна Македонија, нашето Здружение преку свој претставник стана член на истоимената комисија. Комисијата има за цел да работи на креирање и унапредување на политиките за одржливост на континиуумот на ХИВ превенцијата помеѓу населението во земјата, во рамки на Програмата за ХИВ во надлежност на Министерството за здравство. Нашата препознаеност од страна на стручните членови на Комисијата ја вреднуваме како чин со висока етичност за вклученост на најзасегнатите во Националниот одговор кон ХИВ.

## ПРЕВЕНЦИЈА И РЕАКЦИЈА ПРОТИВ НАСИЛСТВО И ПРЕКРШУВАЊА НА ПРАВА КАЈ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ

**С**о цел да го доближи системот за документирање на повреди на правата и обезбедување на врсничка поддршка за сексуалните работници погодени од пандемијата со КОВИД-19 во Скопје, Гостивар и Струмица, Здружението од јуни 2020 година го воспостави и одржува Регионалниот параправен сервис во рамки на организацијата предводен од заедницата.

Во 2021 година преку Регионалниот параправен сервис се пријавени и документирани 13 случаи на повреда на човековите права кај сексуални работници, кои се соодветно доставени и процесирани кон правната поддршка на нашите партнерски организации.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА

**П**ромената на законските решенија подразбира време и дијалог помеѓу засегнатите страни и носителите на одлуки. За прв пат во историјата на Република Северна Македонија, на 18.05.2021 година беше организирана првата работна ПОП-АП вечера на иста маса помеѓу сексуални работници и високи претставници на државни институции, кои имаат надлежности на делување во областа на подобрување на состојбата на човековите права, третманот на сексуалните работници и декриминализација на сексуалната работа во нашата земја.

На настанот присуствуваа три активистки за заштита и унапредување на правата на сексуалните работници и претставници на институциите: Васка Бајрамовска-Мустафа – Заменичка на Народниот правобранител, Јасминка Ангелова – Државна советничка во Министерството за внатрешни работи, Александар Видиновски – Портпарол и посебен советник за односи со јавност во Министерството за правда и Светлана Цветковска – Советничка за недискриминација, заштита и превенција од трговија со луѓе во Министерството за труд и социјална политика.



*Фотографија: В. Џамбаски, 2021*

**О**вој настан се реализираше во рамките на процесот за декриминализација на сексуалната работа кој го предводи неформалната Платформа за декриминализација за сексуалната работа претставувана од здруженијата СТАР-СТАР Скопје, ХОПС-Опции за здрав живот Скопје и Коалицијата Маргини.

## РАЗВОЈ НА ДАТАБАЗИ И ПОДАТОЦИ ПРЕКУ ИСТРАЖУВАЊА СПРОВЕДЕНИ ОД СТАР-СТАР СКОПЈЕ ПОМЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ

**В**о рамки на своите проектни активности, Здружението СТАР-СТАР Скопје во 2021 година спроведе и публикуваше Компаративна анализа во која беа анализирани националните и меѓународни механизми за здравствена заштита и овозможување здравствени услуги на малолетни лица, но и беа утврдени недостатоците во националниот правен систем со што ќе се отвори простор за идна интервенција и застапување пред националното законодавство со цел заштита и унапредување на правото на здравје кај малолетните лица.




**Д**ополнително, во насока на обезбедување квалитативни и квантитативни податоци, Здружението во 2021 година спроведе проценка на компатибилноста на постоечките услуги за сексуално и репродуктивно здравје со потребите на сексуалните работници во Република Северна Македонија, во чија проценка беа опфатени 40 сексуални работници преку интервјуа и 6 претставници од граѓански организации за сервиси со длабински интервјуа. Изданието од извештајот од проценката во печатена и електронска форма во кој јасно се утврдени приоритетите и препораките за унапредување на услугите за сексуално и репродуктивно здравје и права, беше дистрибуирано до повеќе засегнати страни.




**И**мајќи го предвид фактот дека поголем број од заедницата на трансродовите лица во земјата се истовремено и припадници на заедницата на сексуални работници, заедно со ТрансФормА – неформална иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија, спроведовме проценка на компатибилноста на постоечките здравствени и превентивни услуги со потребите на трансродовите лица во Северна Македонија, преку која опфативме 20 трансродови лица со интервјуа и 5 претставници од граѓански организации со  длабински интервјуа. И ова издание од извештајот од проценката во печатена и електронска форма во кој јасно се утврдени приоритетите и препораките за унапредување на услугите за сексуално и репродуктивно здравје и права, беше дистрибуирано до повеќе засегнати страни.

## 2. СТРАТЕШКА НАСОКА: СРЗП – СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА

**О**ваа стратешка насока има за цел да го унапреди знаењето помеѓу сексуалните работници во однос на нивното сексуално и репродуктивно здравје и права, да одржува ниска ХИВ преваленца помеѓу сексуалните работници на територија на градот Скопје и да им овозможи олеснет пристап до сервиси.

### ЕДУКАЦИЈА НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА

**В**о насока на подобрување на знаењето за сексуално и репродуктивно здравје и права, Здружението СТАР-СТАР Скопје и ТрансФормА – неформална иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија развија и издадоа едукативно-информативна брошура за често поставувани прашања за процесот на транзиција кај трансродови лица. Брошурата во електронска и печатена форма е објавена на македонски, албански, ромски и англиски јазик, а дистрибуирана е во 267 печатени примероци помеѓу трансродови лица, сексуални работници и партнерски здруженија.

Во рамки на услугите за сексуално и репродуктивно здравје, го прикажуваме годишниот опфат на сексуални работници за 2021 година во табеларниот приказ како што следи:

**ГОДИШЕН ОПФАТ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ СО УСЛУГИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ ВО 2021**

| | Жени сексуални работнички | Мажи сексуални работници | Трансродови сексуални работници | ПРЕДВИДЕНИ | ОСТВАРЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на опфатени лица | 77 | 25 | 18 | 111 | **120** |
| Број на нови лица | 5 | 4 | 3 | 12 | **12** |

**В**о рамки на услугите преку Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија, го прикажуваме годишниот опфат на сексуални работници за 2021 година во табеларниот приказ како што следи:

| **УСЛУГИ ОВОЗМОЖЕНИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА** | | |
|---|---|---|
| **ПРЕВЕНЦИЈА НА ХИВ КАЈ КЛУЧНИТЕ ПОПУЛАЦИИ ПРОГРАМА ЗА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ** | **ПРЕДВИДЕНИ** | **ОСТВАРЕНИ** |
| **ДИСТРИБУИРАНИ МАТЕРИЈАЛИ** | | |
| Дистрибуирани кондоми | 9.990 | 10.704 |
| Дистрибуирани лубриканти | 3.330 | 4.854 |
| Дистрибуирани информативно-едукативни материјали | 1.332 | 762 |
| **УСЛУГИ ВО КАНЦЕЛАРИЈА И НА ТЕРЕН** | | |
| Упатување до други организации кои нудат останати услуги | / | 6 |
| Споделени информации за ХИВ | / | 660 |
| Споделени информации за СПИ | / | 660 |
| Врсничка едукација и неформална поддршка помеѓу лица од заедницата | / | 670 |
| Контакти по телефон | / | 73 |
| **ДОБРОВОЛНО СОВЕТУВАЊЕ И ТЕСТИРАЊЕ ЗА ХИВ** | | |
| Доброволно советување и тестирање | 60 | 108 |
| Одржани смени | / | 27 |

## ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО СЕРВИСИ

**О**леснет пристап до сервиси не значи само олеснет пристап до остварување права.

Од суштинска важност е давателите на сервисите да бидат запознаени со проблемите и предизвиците кои им пркосат на нашата заедница, да го негуваат чувството на емпатија и да бидат сензибилизирани за работа со маргинализирани заедници.

За да го унапредиме горенаведеното, во 2021 година, Здружението СТАР-СТАР Скопје и ТрансФормА – неформална иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија спроведоа обука за сензибилизација на здравствените работници за специфичните потреби на трансродовите лица со која беа опфатени 8 стручни лица од областа на здравствената заштита.




*Фотографија: Архива СТАР-СТАР, 2021*

Врсничката поддршка, односно взаемната поддршка помеѓу две лица кои ги живеат истите проблеми е од неприкосновена важност. Нашата врсничка поддршка на терен во рамки на организацискиот параправен сервис, во 2021 година опфати 59 сексуални работници од Скопје, Струмица и Гостивар. Во рамки на овој сервис, беа дадени 343 услуги од областа на правната, социјалната или здравствената заштита.

| ГОДИШЕН ОПФАТ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ СО ПАРАПРАВЕН СЕРВИС ЗА 2021 | | |
|---|---|---|
| **Жени сексуални работнички** | **Мажи сексуални работници** | **Трансродови сексуални работници** |
| 43 | 7 | 9 |
| **Вкупно** | | **59** |

| УСЛУГИ ОВОЗМОЖЕНИ ПРЕКУ РЕГИОНАЛЕН ПАРАПРАВЕН СЕРВИС ЗА 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| **Услуга/сервис** | **Жени сексуални работнички** | **Мажи сексуални работници** | **Трансродови сексуални работници** |
| Препраќање или придружување до сервиси од други организации или институции | 40 | 11 | 11 |
| Неформален разговор/врсничка поддршка | 166 | 8 | 19 |
| Друго | 78 | 1 | 9 |
| **Вкупно по лица** | **284** | **20** | **39** |
| **Вкупно** | | | **343** |

## 3. СТРАТЕШКА НАСОКА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

Оваа стратешка насока има за цел да обезбеди разноликост на фондови, привлекување нови донатори, како и да го унапреди организацискиот раст и развој со цел да овозможи континуирана и високо ефикасна имплементација на стратешките насоки и цели и работни планови на организацијата.

### ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РАЗНОЛИКОСТ НА ФОНДОВИ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НОВИ ДОНАТОРИ

Во 2021 година, го продолживме континуираниот пристап до основни хуманитарни пакети и финансиска помош за сексуалните работници во Република Северна Македонија. Преку

обезбедената финансиска поддршка за справување со последиците од КОВИД-19 пандемијата, Здружението спроведе набавка и дистрибуција на 1,190 заштитни маски за лице, 100 пара хигиенски ракавици, 30 средства за лична дезинфекција на раце, како и 85 брзи тестови за коронавирус поделени помеѓу сексуални работници во Скопје, Струмица и Гостивар.

Исто така, организацијата од други проекти обезбеди и подели 115 вредносни ваучери за храна и хигиенски средства во вредност од 1000 денари, или вкупна вредност на донацијата во износ од 115,000 денари.

Во 2021 година, Здружението разви и поднесе 11 проектни апликации кон повеќе различни донатори со цел изнаоѓање финансиска оддржливост и остварување на предвидените програмски приоритети и поддршка на нови и иновативни интервенции наменети за сексуалните работници, од кои повеќе од една третина (36,36%) беа успешно одобрено.

## КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СТАР-СТАР

**В**о 2021 година, значителен дел од своите ресурси, Здружението ги насочуваше кон унапредување на организацискиот раст и развој. Во периодот март-април 2021 година, Здружението спроведе онлајн обука за зајакнување на транспарентноста и отчетноста во организациското управување и работење, а со дополнителна поддршка од надворешен експерт, беше развиен Кодекс за отчетно и транспарентно управување и работење. Преку овој процес 8 вработени и ангажирани лица во организацијата ги зајакнаа вештините и знаењата во однос на алатките за отчетно и транспарентно работење.

**В**о месец мај 2020 година, Здружението го одбележа своето јубилејно десетгодишно постоење од своето основање и по тој повод, во месец мај 2021 година, Здружението го објави својот „Десетгодишен извештај за програмите, активностите и финансиското работење на здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје за периодот од 2010 до 2020 година“.




**И**звештајот за десетгодишното работење на Здружението беше промовиран пред членови на Здружението, претставници на партнерски здруженија, фондации и релевантни агенции на Обединетите нации во рамки на јубилејниот настан „Декада на гласност, транспарентност и отчетност на сексуалните работници 2010-2020“, одржан во Скопје на 27-ми мај 2021 година.




*Фотографија: В. Џамбаски, 2021*

**В**о рамки на јакнењето на капацитетите на управните и раководните тела со цел ефикасно и ефективно остварување на целите и резултатите на организацијата, Здружението спроведе двомесечен процес на стратешко планирање за периодот од 2022 до 2025 година. Од прибраните информации, Здружението за прв пат ја разви својата теорија на промени детално прикажана во Стратешкиот план врз чија основа беа идентификувани стратешките приоритети, целите и интервенциите кои Здружението ќе ги спроведува во периодот од 2022 до 2025 година.

2021 година, беше година кога Собранието на Здружението ги именуваше и го утврди мандатот на највисоките извршни органи во Здружението, давајќи им легитимитет да ги бранат и застапуваат интересите и вредностите на Здружението во период од 4 години. На седница на Собранието на Здружението кое работеше по претходно утврден дневен ред за работа, во изборниот дел, беше спроведен избор за членови на Управниот одбор и Претседател на здружението. Собранието преку јавно гласање ги избра членовите на Управниот одбор со мандат од 4 години, а избраните членови со јавно гласање избраа и Претседателка на Управниот одбор. Во рамки на изборниот дел од седницата на Собранието и точката на гласање за избор на Претседател, Собранието како највисок орган изгласа доверба и именуваше Претседател во времетраење од 4 години, почнувајќи веднаш, а завршувајќи на 20.05.2025 година за извршување на функцијата Претседател на Собранието и Здружението.




*Фотографија: Архива СТАР-СТАР, 2021*



*Фотографија: Архива СТАР-СТАР, 2021*

Своето редовно Годишно собрание, Здружението го одржа на 21-ви мај 2021 година, со присуство на мнозинството од сите членови на Здружението.

## РЕГИОНАЛЕН ПРИСТАП ЗА ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА РЕГИОНАЛНИ ОГРАНОЦИ ПРЕКУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА SWIT АЛАТКА (ВОВЕДУВАЊЕ СЕОПФАТНИ ПРОГРАМИ ЗА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ)

Во периодот од март до септември 2021 година, Здружението работеше на развој и имплементација на шестмесечна менторска програма за градење капацитети од областа на организациското управување помеѓу локалните лидери на регионалните ограноци на организацијата. Менторската програма беше развиена врз основа на анализа од спроведена проценка на постоечките капацитети и знаења кај локалните лидери. Во истиот период преку одржување 12 менторски сесии, Здружението ја имплементираше шестмесечната менторска програма, зајакнувајќи ги капацитетите помеѓу своето регионално лидерство.

Дополнително, во рамки на зајакнување и сплотување на регионалните заедници, Здружението спроведе 56 врснички едукации, опфаќајки 40 сексуални работници од градовите Струмица и Гостивар.

## ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА

**О**станавме посветени на партнерството и соработката со граѓанскиот, владиниот и приватниот сектор, препознавајќи дека само со заеднички пристап може да се направат значајни и долгорочни позитивни промени за сите луѓе во светот. Особено важни партнери во нашата работа во текот на 2021 година, беа:

- Министерство за здравство на Република Северна Македонија
- Фондација Отворено општество - Македонија
- ТрансФормА – Иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
- ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
- Коалиција МАРГИНИ
- Сите организации од Платформата за оддржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ
- Мрежата против хомофобија и трансфобија
- Red Umbrella Fund
- Sex Workers' Rights Advocacy Network - SWAN
- Eurasian Key Populations Coalition – EKPC
- European Sex Workers' Rights Alliance – ESWA
- LGBTI Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey - ERA

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**П**риказ на приходите и расходите за годината 2021 на Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР СКОПЈЕ.

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА ГОДИНАТА (2021)** | 6.185.421,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ГОДИНАТА (2021)** | 5.687.107,00 |
| **ПРЕНЕСЕН ДЕЛ ОД ВИШОКОТ ПРИХОДИ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА** | 498.314,00 |

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА ГОДИНАТА 2021**

| | | |
|---|---|---|
| **201** | **РАСХОДИ, МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **1.029.136,00** |
| 202 | потрошени материјали | 296.895,00 |
| 203 | потрошена енергија | 159.648,00 |
| 204 | други услуги | 300.489,00 |
| 205 | превозни - транспортни услуги | 6.984,00 |
| 206 | издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | |
| 209 | наемнини | 258.120,00 |
| 210 | други материјални расходи | 7.000,00 |
| **211** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **3.731.344,00** |
| 212 | провизија за платен промет | 63.061,00 |
| 217 | негативни курсни разлики | 13.452,00 |
| 219 | други расходи | 3.654.831,00 |
| **230** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ** | **904.727,00** |
| 231 | а) вкалкулирани плати | 610.987,00 |
| 232 | б) вкалкулирани надоместоци | 293.740,00 |
| 233 | даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 21.900,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **5.687.107,00** |
| 236 | остварен нето вишок на приходи - добивка пред оданочување[1] | 498.314,00 |
| 238 | остварен нето вишок - добивка | 498.314,00 |
| 239 | вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 6.185.421,00 |
| 243 | приходи од камати и позитивни курсни разлики | 2.594,00 |
| 244 | приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 5.252.427,00 |
| 248 | пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 930.400,00 |
| 249 | вонредни приходи | |
| **250** | **ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+248+249** | **6.185.421,00** |
| 252 | вкупно (250+251) =239 | 6.185.421,00 |
| 438 | број на работници | 4,00 |

**Р**аботата на здружението СТАР-СТАР Скопје во 2021 година беше финансиски овозможена со поддршка од:


▪ Министерство за здравство на Република Северна Македонија

▪ Фондација Отворено општество - Македонија

▪ Open Society Foundation

▪ Red Umbrella Fund

• Sex Workers' Rights Advocacy Network

• Eurasian Key Populations Coalition